# МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ
# СКОПЈЕ



## П О Р Т Р Е Т И

од колекцијата на МСУ - Скопје

МРА Катланово - јули 1987
ОУ "Кирил и Методиј" - октомври 1987
ОУ "Јосип Броз Тито" - ноември 1987
УСО "Раде Јовчевски Корчагин" - ноември 1987
ОУ "Едвард Кардељ" - декември 1987

# П О Р Т Р Е Т

Портретот кој во своите историски почетоци е тесно поврзан со култот на мртвите и разновидните религиозни претстави - се јавува во сите димензии - од големите споменици па до медалите, парите и ракописните минијатури - и во сите гранки на ликовната уметност - во сликарството, графиката и вајарството. Според својот формално содржински карактер - тој може да биде монументален, репрезентативен, интимен, идеализиран, натуралистички и сатиричен. Портретот може да биде иконографски или самостоен (поединечен, двоен, троен и групен) или подреден и координиран - кога се поврзува со други видови мотиви: донаторски портрет, портрет во рамките на на историските, жанр и алегоричните композиции и портрет координиран или субординиран на пејсажот, сликата на животните (коњанички портрет), мртвата природа, ентериерот и тн.

Во древните источни култури - човечките ликови се јавуваат уште во постарата месопотамска уметност, почнувајќи од алабастерната глава на свештеничката Урук, преку кралската маска од Ниниве, до Хамурабиева стела. Типизацијата во нив е толку изразена што за вистинска портретна проблематика не може да се говори се до појавата на египетската уметност, каде портретот на фараонот станува централна

задача на ликовната уметност. Од времето на Аменофис II - познати се портретите на фараонот и неговата жена Нефретете.

Развојот на индивидуалниот портрет во античка Грција го попречуваат општите стремежи за остварување на хармонична убавина и типизација на целото тело, заради тоа во класичната уметност нема попрсја, туку само портретен лик. Сочувани се покрај портретот на Темистокле, и ликовите на Софокле во стечки став, Сократ и Аристотел во седечки став. Основна тема во римската скулптура е портретот во облик на попрсје. Неговите почетоци треба да се бараат во етрурската надгробна пластика, како и во самиот римски култ на претците, додека неговиот уметнички развој не може да се замисли без учеството на грчко-хеленистичките скулптури. Сепак според својот доследен натурализам, римскиот портрет се разликува од помалку или повеќе идеализираните грчки остварувања и се стреми кон изразувањето на индивидуалниот карактер и кај женските ликови.

Во христијанкста средновековна уметност, која ја негира индивидуата и која се до готиката ги познава само портретите на припадниците на вишите сталежи, хронолошки е во водство европскиот Исток со ликовите на владетелите и црквените достоинственици на сакралните ѕидни слики.

На Запад - портретите се афирмираат отпрвин во рамките на надгробната пластика, така што вајарството е долго време развојно понапредно од сликарството.

До синтеза на поединичните портретни детали, европската уметност се воздигна дури околу средината на 14 век кога с портретот се јавува речиси истовремено на ѕидните слики, в во сликарството на плочите, како и во пластиката. Како што во времето на готичкиот интернационален стил водеше Париз, така, на крајот од Средниот век, со пробивот на граѓанските порачатели и доследниот реализам - кој нив им одговараше - се афирмираше јужна Холандија. Аристократски стилизираниот чист профил кој отпрвин владее подеднакво во сликарството како и во медаљерството конечно отстапува пред холандските обрасци на 3/4 профил и во Италија. Кон крајот на "кватроченто", Леонардо да Винчи создава урамнотежен високо - ренесансен портрет (Мона Лиза) кој покрај него го остваруваат уште Белини, Ѓорѓоне, Рафаел и Тицијан. Доцноренесансниот портрет осцилира меѓу меланхолично обоениот, психолошки остро карактеризиран лик и новиот облик на интернационалниот дворски портрет, во кого костимот и атрибутите се поважни од лицето.

Со Тицијан се востановува нов облик , карактеристичен за идниот репрезентативен барокен портрет, што го зацврстуваат особено Рубенс и Веласкез.

Преку англискиот аристократско-граѓански групен портрет и Франциско Гоја - блескавиот барокен портрет постепено се преобразува во стварна граѓанска слика (Енгр), која добива распон од бидермајерската скромност до трагичниот лик на гениј (Делакроа). Во портретите на реалистите и

импресионистите , портретот одново го губи индивидуалниот карактер, стопувајќи се со околината (Курбе, Мане, Тулуз-Лотрек). Покрај Роден во вајарството, последен значаен развоен степен претставува експресионистичкиот портрет (од Ван Гог до Мунк, Кокошка идр.), кој се задржал во различни варијанти се до денес.

(ЕЛУ 4, стр. 1,2)

## ПОРТРЕТИ ОД ЗБИРКИТЕ НА МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

Игор ВАСИЛЕВ – RUS
ПОРТРЕТ НА ДЕВОЈКА, 1952

Вера ВЛАДЕН – CRO
Глава на старец, 1961

Марија ДАНОВА
БИЛЈАНА, 1985

Бранислав ЗЕНДЕЛСКИ
ПОРТРЕТ НА МАКЕДОНКА, 1975

Милисав ЈОВАНОВИЌ – SCG
ПОРТРЕТ НА СЕЛАНКА, 1961

Адем КАСТРАТИ
ЖЕНСКИ ПОРТРЕТ, 1983

Мира КРАЉЕВИЌ – CRO
ПОРТРЕТ, 1960

Анка КРИЗМАНИЌ – CRO
СТУДИЈА ЗА ПОРТРЕТ, 1956

Ана ТЕМКОВА
ДЕВОЛКА? 1966

Иван ТУДИЌ – CRO
ПОРТРЕТ, 1950

Павао ВАМПЛИН – CRO
ГЛАВА НА ДЕВОЈЧЕ, 1961

Бошко КАРАНОВИЌ – SCG
ДЕВОЈКА, 1967

Зоран ПАСТИЌ – SCG
БРАНКА, 1974

Билјана УНКОВСКА
ИКАРКА, 1977